**ЗАПИСНИК**

*од Дванаесеттата седница на Националниот совет за евроинтеграции*
*одржана на 29 јануари 2010 година, закажана во 10.00 часот,*
*сала на Уставна комисија, Собрание на Република Македонија*

Седницата на Националниот совет за евроинтеграции започна во 10.25 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-ѓа Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

На седницата присуствуваа : Радмила Шекеринска претседател на Советот, Силвана Бонева потпретседател на Советот, Александар Николовски, Кенан Хасипи, Џеват Адеми, Тито Петковски, Флора Кадриу, Александар Спасеновски пратеници и членови на Националниот совет за евроинтеграции, Владо Камбовски од Македонската академија на науките и уметностите, член на Советот, Васко Наумовски, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за евроинтеграции, претставниците на Советот Љубица Нури од Стопанската комора на Македонија, Мирче Чекреџи од Сојузот на стопански комори на Македонија, Ванчо Муратовски претседател на Сојузот на синдикати на Македонија, Слободан Антевски претседател на Унијата на независни и автономни синдикати на Македонија, Александар Кржаловски од Граѓанската платформа на Македонија, Скендер Бузаку секретар на муфтиството на Исламската верска заедница, Жаклина Мучева генерален секретар на Еврејската заедница.

На седницата на Советот присуствуваа: Марија Анхелес Гарсија де Лара, вршителот на должноста амбасадор од Кралството Шпанија во Република Македонија, Марина Курте и Ружица Андроникова претставници од Делегацијата на Европска унија во Република Македонија и Тони Павловски, претставник од Министерство за надворешни работи, од службата на Собранието и медиумите.

За седницата беше предложен следниот:

**ДНЕВЕН РЕД :**

1. **Национална програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2010 година**

Предложениот дневен ред беше усвоен едногласно.

**ТОЧКА 1: Национална програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2010 година**

Воведно излагање по оваа точка имаше г. Васко Наумовски, заменик на претседателот на Владата задолжен за евроинтеграции.

Со свои излагања во дискусијата учествуваа: г-ѓа Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции, г-ѓа Силвана Бонева, потпретседател на Советот, г. Владо Камбовски од Македонската академија на науките и уметностите, г. Скендер Бузаку, претставник на Исламската верска заедница, г. Кенан Хасипи и г-ѓа Флора Кадриу, пратеници и членови на Советот, г. Димитар Мирчев од Кабинетот на претседателот на Република Македонија, г.Александар Кржаловски од Граѓанска платформа на Македонија и г-ѓа Љубица Нури од Стопанска комора на Македонија кои ги изнесоа своите согледувања, препораки и коментари по Националната програма за усвојување на правото на ЕУ-ревизија 2010 година.

По однос на точката, Националниот совет за евроинтеграции со консензус ги усвои следните заклучоци:

## З А К Л У Ч О Ц И

1. Во насока на поголемо вклучување и информирање за процесот на реализација на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2010, Националниот совет за евроинтеграции ја повторува определбата од Петтата седница одржана на 6 мај 2009 година, Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија на секои три месеци до Националниот совет за евроинтеграции да доставува Извештај за реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2010;

2. Националниот совет за евроинтеграции укажува на потребата за навремено реализирање на сите законски, административни и буџетски обврски што произлегуваат од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2010. Заради реализација на НПАА ревизија-2010, Советот ги повикува Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија да ги интензивираат консултациите со сите инволвирани субјекти, во насока на подобрување на фазата на подготовка и донесувањето на законите, како и заради подобра примена на законите.

3. Согласно предвидените рокови за донесување на законските проекти на Владата на Република Македонија, Советот укажува на неопходноста за навремено доставување на работните текстови на законите, со цел Советот соодветно да ја реализира превземената обврска за организирање на јавни расправи по определени закони, утврдени во Анексот 2 од Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2010 година;

4. Врз база на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2010, Националниот совет за евроинтеграции го ревидира Анексот 1 од Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2010 година, донесено на седницата на Советот одржана на 25 декември 2009 година.

5. Овие заклучоци заедно со забелешките на членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции изнесени на седницата да се достават до Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија и да се објават на интернет страницата на Собранието на Република Македонија.

Седницата и Советот заврши со работа во 12. 10 часот.

Составен дел на овој записник се стенографските белешки од Дванаесеттата седница на Советот и списокот на присутни членови и претставници.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

**Радмила Шекеринска**

19. 05. 2010
30-222/6

**РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОРОТ ЗА ПОДДРШКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

**Даниела Велковска**

Изработил : J.Трпкова
Контролирал : И. Коробар
Одобрил: Д. Велковска